Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-233/2
12-03-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-412/8 од 18.12.2024 година, поднесена од [redacted] преку Синдикат на македонска полиција, со адреса на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација врз основа на членство во синдикат во областа на работата и работните односи, од страна на Бобан Димитровски, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (6) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по претставката бр. 08-412/8 од 18.12.2024 година, поднесена од [redacted], преку Синдикат на македонска полиција, за извршена дискриминација врз основа на членство во синдикат во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted]

## Образложение

На 18.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („**Комисијата**") беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] преку Синдикат на македонска полиција, за извршена дискриминација врз основа на членство во синдикат во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted], [redacted] Регионален Центар за Гранични работи Север, Биро за јавна безбедност, Министерство за внатрешни работи.

Имено, претставката заведена под горниот број е второподнесена претставка од истиот подносител, [redacted], па именуваниот во неа наведува дека е незадоволен од донесеното Мислење на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заведено под број 08-412/5 од 30.10.2024 година, на истото приговара на начин што со сегаподнесената претставка сака да истакне нови факти и околности, па бара од Комисијата да ја разгледа претставката.

Наведува дека со Акт (Известување) бр. УПП 16-221/2024 од 17.10.2024 година на Инспекцискиот совет, се потврдува дека по издаден налог за вршење на вонреден инспекциски надзор, по преземените активности за утврдување на фактичка состојба на адресата на пријавениот Регионален Центар за Гранични работи Север, на одржана 381-ва седница, бил донесен следниот заклучок: „На работникот [redacted] од страна на работодавачот, не му се спроведени обуки, ниту за воведување во работата, ниту континуирана обука, што е спротивно на член 103 и 104 од Законот за внатрешни работи и член 39 и 42 од Правилникот за обука во Министерството за внатрешни работи".

Исто така потенцира дека во конкретниот случај, по доставено барање за вршење на вонреден инспекциски надзор архивирано под бр. 0907-868 од 20.5.2024 година до Државниот инспекторат за труд, било извршено несовесно и незаконско постапување од страна на државната инспекторка за труд Христина Јанакиевска, која при извршениот инспекциски надзор наместила исход во корист на пријавениот, а на негова штета како работник. За ваквите неправилности Инспекцискиот совет, на 382-та седница одржана на 24.10.2024 година, донел заклучок дека: „Од севкупната анализа на актите кои произлегуваат од постапувањето на Државниот инспектор за труд Христина Јанакиевска, наводите од претставката на Синдикат на македонска полиција се основани".

По разгледување на наводите во претставката, Комисијата констатира дека постапувала по претставка број 08-412/1 од 16.5.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје, во која се наведени истите тврдења, а по која донела Мислење заведено под број 08-412/5 од 30.10.2024 година со кое не се утврдила дискриминација од страна на [redacted].

Заради сето изнесено, а со оглед да во новоподнесената претставка [redacted] не се наведени нови факти и околности, различни од оние содржани во првоподнесената претставка, а кои ја менуваат фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација најде дека се исполнети законските услови од **член 27 став 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, согласно кој** "***Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот."***

Земено предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- Синдикат на македонска полиција, ул. Лазар Поп Трајков бр. 26/2-5, 1000 Скопје, електронска адреса: sindikatnamakedonskapolicija@gmail.com